# Работен документ на стручните лица од РАН З&П
# **Пристапи кон насилните екстремистички престапници и борбата против радикализацијата во затворите и во пробацијата**

## Вовед

Овој документ има цел на креаторите на политики, управителите на затворите и на персоналот во затворите и во пробацијата да им обезбеди информации за тековните практики и за прашањата што се релевантни за справувањето со насилните екстремистички престапници (НЕП) и со лицата за кои постои ризик да се вклучат во насилен екстремизам во затворскиот и во пробацискиот контекст[1]. Документот е организиран околу овие два контекста. Иако во практиката во некои земји членки може да не постои оваа разлика, сепак, таа служи за утврдување на клучните прашања: затворските услови и стратегиите за реинтеграција, процената на ризик, изборите на затворскиот режим, иницијативите за рехабилитација и реинтеграција и обучувањето на кадар.

Производ на Центарот за извонредност РАН и работната група РАН З&П. Авторизирано од Раја Ј. Вилијамс, соработник за истражување, Универзитет Кембриџ, Центар за исламски студии Центар за истражување затвори.

[1] Работниот документ го развива претходниот работен документ под друг наслов. Мрежа за свест за радикализација, 'Dealing with Radicalisation in a Prison and Probation Context Ran P&P - Practitioners Working Paper' (2015).

Овој документ има цел да обезбеди насоки и да помогне да се поддржат процесите на донесување одлуки на ниво на политика и на ниво на затворско и на пробациско управување. Поради тоа повеќе е напишано за пристапноста, а не за сеопфатноста. Не постои решение што одговара за сите затоа што земјите членки на ЕУ се разликуваат на многу начини, вклучително и во законодавството и како се организирани затворските и пробациските системи[2]. Сепак, повеќеорганизациската соработка е суштинска во управувањето на ризиците поврзани со радикализација и за да се осигури дека на НЕП им се понудени можности за рехабилитација.

Од почетокот на Мрежата за свест за радикализација (РАН) во 2012 година Работната група за затвор и пробација (РАН З&П) се фокусира на спречувањето на насилниот екстремизам, на работата со екстремистичките групи и со екстремистичкото однесување за време на притвор и на пробација. Овој документ се заснова врз придонесот на стручните лица и врз ажурираното истражување за темата, иако истражувањето во оваа област останува ограничено поради релативно малиот дел на население што е засегнато од тоа. Работната група РАН З&П има 250 стручни лица, вклучително претставници од пробациските служби, управители на затвори, затворски службеници, министри за правда и разузнавачки служби, НВО и граѓански организации што работат со престапници. РАН З&П има одржано 13 состаноци со стручни лица од сите земји членки на ЕУ (вклучително и три студиски посети на затвори во три различни земји) и со водечки истражувачи, што овозможува размена на искуства со висок квалитет за многу теми[3]. Овие состаноци акцентираа палета на ветувачки практики во затворски и во пробациски контекст што може да се консултираат во збирката на пристапи и практики РАН[4].

Стручните лица и креаторите на политиките се соочуваат со огромен политички и јавен притисок за да обезбедат јавна безбедност. Без оглед на овие притисоци, РАН З&П ги одржува следниве водечки принципи што се отсликуваат низ овој документ:

- сигурноста на општеството е најдобро обезбедена преку промовирање на благосостојбата и рехабилитацијата на престапниците;
- терористичките дела опфаќаат одреден број активности; сите лица што се осудени за терористички дела не претставуваат еднаква закана за општеството;
- престапниците се способни за позитивна промена и потребна им е поддршка за да го напуштат насилниот екстремизам;
- во секој момент и во сите околности мора да се почитуваат човековите права;
- промовирањето на позитивни врски меѓу кадарот и затворениците и здравата затворска клима се предуслов за намалување на ризикот од радикализација и придонесува во рехабилитацијата и реинтеграцијата;

[2] Обединети нации, “Handbook on the Management of Violent Extremist Prisoners and the Prevention of Radicalization to Violence in Prisons,” (Њујорк: Канцеларија за дроги и криминал на ОН, октомври 2016 година). Глобален форум за борба против тероризмот, “Rome Memorandum on Good Practices for Rehabilitation and Reintegration of Violent Extremist Offenders,” (Рим, 2012).

[3] Краток преглед на документи за овие настани е достапен на интернет.

[4] http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/ran-best-practices/index_en.html

- повеќеорганизациската соработка е суштинска за да се спречи радикализацијата и да се поддржат процесите на прекинување.

Работниот документ се однесува на осудените или на оние што се во притвор за дела поврзани со тероризам и оние што се смета дека се во опасност од радикализација во затворски и во пробациски контекст.

Од земјите членки се бара (некогаш тоа е и правно барање) да спречат дел на тероризам во рамките на јавните институции, како што се затворите, а лицата во опасност од радикализација спаѓаат во овој дел. Во овој извештај нагласуваме дека овие престапници се различни и вклучуваат лица што не извршиле насилни дела и кои може никогаш да не го направат тоа. Да се биде радикален не значи дека лицето во секој случај ќе стори насилно дејство. Секој одговор на радикализацијата мора да ја признае оваа различност. Исто така, признаваме дека за ефикасно управување со насилните екстремистички престапници и со оние за кои се смета дека се во опасност од радикализација потребна е повеќеорганизациска соработка. Клучно е престапниците да добиваат континуирана поддршка и да има проток на информации меѓу организациите, вклучително и затворската и пробациската служба, полицијата и организациите на заедницата.

**Дали знаевте?**

**Насилни екстремистички престапници – посебен случај?** Во моментот земјите членки на ЕУ имаат многу размислувања и пристапи кон НЕП и за прашањата поврзани со радикализацијата. Некои ги нормализираат ризиците поврзани со НЕП (на пример, Италија, преку пристапот на рехабилитација што не е посебно подготвен за НЕП) и со радикализација, а други постапуваат со овие ризици како да бараат посебни структури и/или процеси (на пример, Програма за здрав идентитет на Обединетото Кралство, што конкретно цели кон НЕП)[5].

- *Општи пристапи:* Има совпаѓање меѓу теориите за прекинување на кривичното дело и прекинување од тероризам; важно е да се обезбедат потребната стручна и социјална поддршка, заедно со специјалистичките пристапи[6].
- *Специјалистички пристапи:* Индивидуалните околности на престапниците може да ги наведат да бараат уникатни пристапи. На пример, за лицата што извршиле насилство со идеолошки мотиви, кои преживеале траума по борењето во странски конфликт или развиле специјализирани борбени вештини или имаат мрежни врски со екстремистички групи, може да бидат потребни специјалистички интервенции и процеси. Овие специјалистички пристапи може да вклучуваат уникатни интервенции засновани врз психологија и/или религија.

---

[5] Обединети нации, »Handbook on the Management of Violent Extremist Prisoners and the Prevention of Radicalization to Violence in Prisons.«

[6] Adam Calverley, Cultures of Desistance: Rehabilitation, Reintegration and Ethnic Minorities (Taylor & Francis, 2012); Stephen Farrall, Understanding Desistance from Crime: Emerging Theoretical Directions in Resettlement and Rehabilitation, ed. Adam Calverley (Maidenhead: Open University Press, 2006.

## Контекст

Контекстот на тероризам драматично се смени за затворите и за пробацијата. „Странските терористички борци“[7] сега се на прво место по број на апсења и осудувања во Европа (Табела 1). Во текот на последните три години бројот на апсења е зголемен трипати, а тоа создава сè поголеми притисоци врз затворите и врз пробацијата, со оглед на тоа дека престапниците се движат низ системите на кривична правда. Според Европол, во изминатите три години џихадистичкиот тероризам и странските борци го земаат првото место по број на апсења во ЕУ (Табела 1)[8].

Други видови тероризам се намалуваат, вклучително етнонационалистичкиот и сепаратистичкиот тероризам, плус левичарскиот и анархистичкиот тероризам. Загриженоста околу десничарскиот екстремизам се зголеми откако поларизацијата и општествените и политичките дискусии беа разгорени од насилните дејства на муслиманите и на мигрантите преку реакциски движења, поединци и мали групи. Се очекува во иднина да продолжат да растат овие тензии. Оваа комплексна општествена и политичка клима се одразува и во затворите и додава кон различните популации и тензии за кое е неопходно справување.

Сега голем дел од дејствата се сметаат за терористички дела, голем број од нив не се насилни и затоа претставуваат ограничена опасност за општеството. „Помалку ризици“ ги вклучуваат оние што се поврзани со собирање средства, намера за патување или поседување материјал што се смета за екстремистички. Сменети се и карактеристиките на оние што ги извршуваат делата; тие се помлади, поразлични и сега има повеќе жени. Стручните лица известуваат дека процесот на радикализација може да биде значително краток, дури и две недели, а регрутирањето може да се случи в затвор.[9]

---

7 „Foreign terrorist fighters' are defined by the UN Security Council (resolution 2178) as …nationals who travel or attempt to travel to a State [other than their own territory or state]… for the purpose of perpetration, planning, or preparation of, or participation in, terrorist acts, or the providing or receiving of terrorist training in connection with armed conflict.“ This includes individuals leaving Europe and travelling to Syria, Iraq, Mali or Ukraine.

8 Европол, „Состојбата со тероризмот во Европската Унија и извештај за трендовите (Te-Sat)“, (Хаг: Европска Унија, 2016). стр. 18.

9 Сепак, извештајот нема документирано процес на регрутирање. Прирачник на ОН за справување со насилните екстремистички затвореници и спречување радикализација во насилството во затворите, стр. 114. За дискутирање на комплексностите во врска со радикализацијата во затворите, видете Alison Liebling, Helen Arnold и Christina Straub, „An Exploration of Staff-Prisoner Relationships at Hmp Whitemoor: 12 Years On“, (Cambridge: Cambridge Institute of Criminology, Prisons research centre, 2011); Alison Liebling and Helen Arnold, „Social Relationships between Prisoners in a Maximum Security Prison Violence Faith and the Declining Nature of Trust“, Journal of Criminal Justice 40 (2012).

**Дали знаевте?**

**Посебна терминологија?** Усогласувањето околу терминологијата е од помош при опишувањето на специфичните процеси и интервенции. Особено во повеќеорганизациската околина заедничкиот јазик ќе им помогне на различните страни да се разберат меѓу себе и да соработуваат. Треба внимателно да се разгледа и степенот до кој се користи овој јазик при работењето со престапниците.

- „Напуштање“ е промена во однесувањето, како напуштање група или промена на нечија улога внатре.
- „Дерадикализирањето“ е спознајна промена во разбирањето и во изгледот што ги трга настрана поединците од давањето легитимитет на насилството[10].
- Понекогаш користењето на (терминот) „дерадикализирање“ може да води до несоодветно етикетирање и стигматизација, а тоа може да биде штетно.

Кога некои насилни екстремистички престапници ќе добијат временски мали казни, кривичните правни системи имаат ограничен прозорец преку кој може да влијаат врз процесот на промени. Поради тоа што овие периоди се кратки, многу е важен континуитетот на следење на лицето од затвор при преминот во заедница и потребна е повеќеорганизациска соработка со оглед на тоа дека се оценуваат потребите и се обезбедува поддршка. Треба да се истражат механизмите за семејна поддршка и за партнерства со НВО. Пробациските служби ќе играат важна улога во подготвувањето на овие алтернативи за да одговараат на рехабилитацијата во затворското опкружување. Бројот на странски борци што се очекуваат да дојдат во контакт со судскиот систем ги отвора прашањата за интервенциите пред судењето и во текот на самото судење[11]. Земјите членки тековно ги истражуваат начините за спречување „штета од притвор“ и во некои случаи за полесните дела ставаат на располагање алтернативни казнени опции.

**Табела 1:**

| Година | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Бр. на индивидуални апсења во ЕУ за дела поврзани со тероризам | 537 | 774 | 1077 |
| Бр. на индивидуални апсења за џихадистички тероризам | 216 | 395 | 687 |
| Бр. на осуди за дела на тероризам | 258 | 345 | 417 |
| Бр. на ослободувања за дела на тероризам | 78 | 107 | 110 |

Извор: Европол[12]

[10] Видете https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/about-ran/ran-exit/docs/ran_exit-ex_post_paper_london_15- 16032016_en.pdf online

[11] Глобален форум за борба против тероризмот, „Препораки за затворско справување и борба против затворски радикализација“ (2015).

[12] Европол, „Состојбата со тероризмот во ЕУ и извештај за тенденциите“ (European Union Terrorism Situation and Trend Report) (Te-Sat); „European Union Terrorism Situation and Trend Report (Te-Sat)“, (The Hague: European Union, 2014); „European Union Terrorism Situation and Trend Report (Te-Sat)“; „European Union Terrorism Situation and Trend Report (Te-Sat)“.

Предизвикот што го создаваат НЕП и радикализацијата не е еднаков во сите земји членки на ЕУ, но сигурно е дека во цела ЕУ забрзано се зголемува бројот на НЕП, односно во 2013 година имало 258 осуди за терористички дела, а во 2015 година имало 417 (Табела 1). Франција (424), Шпанија (187), Обединето Кралство (134) и Белгија (61) известија за најголем број на апсења во 2015 година.

Во многу земји членки на ЕУ во тек се процедури за следење (на пример, во Белгија, Франција, Италија, Холандија, Шпанија, Шведска и во Обединетото Кралство) за да се одговори на ризиците поврзани со престапници што не се осудени за дела поврзани со тероризам, но за кои постои ризик дека може да извршат насилни екстремистички дела или да влијаат врз други да го направат тоа. Земјите членки не известуваат секогаш за податоците за бројот на лица што се следат поради загриженост од насилен екстремизам и тие бројки секогаш се менуваат. Достапните податоци покажуваат дека во Англија и во Велс се следат 600 лица, а во Италија се следат 124 лица што се в затвор. Овие процедури на следење, иако се добро смислени, отвораат правни, финансиски и етички прашања: како може соодветно да се следи ризикот без да се стигматизираат поединци како „екстремисти“ и со тоа да се придонесе кон поголемо отуѓување?

**Дали знаевте?**

**Намалување на ризик преку поддршка:** Затворите и пробацијата имаат должност да водата грижа за поединците што се во притвор, вклучително и грижа за ранливите. На оние што се осудени за екстремни дела и на оние за кои се смета дека се во опасност од радикализација им е потребна поддршка во клучни времиња. Справувањето со НЕП и со лицата за кои постои сомнение дека ќе се радикализираат кон насилство или дека ќе влијаат врз други во насока на насилно екстремистичко размислување не треба да го пренагласи ризикот наспроти исполнувањето на потребите на поединецот и обезбедувањето поддршка.

**Клучни препораки**

- Постојано се зголемуваат „терористичките дела“ и лицата што ги извршуваат и сите не претставуваат еднаков ризик за општеството. Реакциите треба да се пропорционални; во спротивно постои ризик од „штета од притвор“ меѓу поединците или разгорување на процесот на радикализација преку непропорционални мерки.
- Сите земји членки на ЕУ имаат општи програми за рехабилитација што целат кон различни групи престапници. Треба да се истражи дали НЕП треба да имаат пристап до специјализираните програми. Одлуките треба да се засноваат врз индивидуалните ризици и потреби, врз перспективата за справување со НЕП, соодносот на подготвување специјализирани програми наспроти големината на целната група и потенцијалните ризици од стигматизација што прават повеќе штета отколку добро.
- Неопходна е повеќеорганизациска соработка за да се гарантира информирано одлучување за интервенции (преку споделување информации) и за да се обезбеди континуитет на интервенциите од затвор до заедница. Треба да се вклучуваат претставници од затворот, пробацијата, полицијата, организациите на заедницата, социјалните и здравствени служби и од семејството.

# Затворски контекст

## *Здрава затворска средина*

Истражувањето укажува на тоа дека радикализацијата во затворска средина е ретка, но дека затворските услови може да имаат значителна улога во зголемувањето или намалувањето на ризиците[13]. Неодамнешните терористички напади низ Европа биле извршени од страна на поединци со криминално минато[14]. Затворската средина ги вклучува физичката средина и вредностите, врските, процедурите и политиките кои го сочинуваат секојдневното функционирање на затворите. Овие фактори го обликуваат затворското искуство и може да обезбедат можности за да се намали ризикот од радикализација за време на затвор и ризикот од повторно сторување кривично дело по пуштањето на слобода во општеството.

Преполнетоста, недоволно персонал или слабите врски помеѓу персоналот и затворениците и лошите услови во објектите — вклучително и немањето пристап до значајни активности како образование и работа — може да имаат негативно влијание врз затворениците.

[13] Mark S. Hamm, *The Spectacular Few: Prisoner Radicalization and the Evolving Terrorist Threat* (New York: New York University Press, 2013.

[14] Simon Cottee, „Reborn into Terrorism: Why Are So Many Isis Recruits Ex-Cons and Converts“, *The Atlantic*, 25 January 2016.

Нагласувањето на „динамичната безбедност“[15] е холистички пристап кон здрава затворска средина која ги вклучува следните димензии[16]:

**Врски меѓу кадарот и затворениците:** Во секое време со затворениците мора да се постапува достоинствено, со почит и љубезно. Добрите врски вклучуваат грижа и помош за ранливиот. Ефикасните врски меѓу кадарот и затвореникот значително придонесуваат за безбедноста и за сигурноста на кадарот, затворениците и на јавноста преку олеснување на протокот на информации и подобрување на квалитетот. Добрите врски меѓу НЕП и кадарот може да го олеснат градењето доверба и да помогнат во надминувањето на границата меѓу „нас“и „нив“ и недовербата и сомнежите кон „властите“ што често се присутни кај екстремистичкото размислување. Поради тоа, инвестирањето во ефикасна секојдневна интеракција меѓу кадарот и затворениците е клучен елемент при справувањето со НЕП.

**Благосостојба и личен развој:** Благосостојбата и развојот на затворениците мора да ја формираат основата на рехабилитацијата во затворот. За да се гарантира ова потребно е исполнување на основните потреби (пристап до пристојна храна, чисти санитарни објекти, време што се минува надвор од ќелијата) и обезбедување стручно образование за затворениците за да може да продолжат со личен развој. Пристапот до образование, креативните подвизи, како што се уметност и музика, и просторот за практикување и за развивање на религиозните верувања се важни елементи за поттикнување на личниот развој и за минимизирање на нервозата.

**Услови и семејни контакти:** Затворските услови опфаќаат објекти за одржување лична хигиена и пристојност, чист простор за живеење и пристап и почитување на културните и на религиозните размислувања преку процесите и објектите. На пример, физичките претреси и претресите што ги прават кучиња мора да се спроведуваат на начин што покажува почит кон културните и кон религиозните норми. Семејниот контакт е клучна форма на поддршка за затворениците и придонесува за здрави врски по пуштањето од затвор. За семејниот контакт важни се честотата на контактите со семејството, значаен простор за посети што вклучува удобен простор за децата и соодветно време доделено за значајни контакти. Семејните врски се важни за реинтеграцијата на НЕП со оглед на тоа дека тие може да бидат (иако не во сите случаи) позитивна движечка сила за рехабилитацијата.

**Безбедност, сигурност и контрола:** Организираниот, контролираниот и ефикасниот затвор им обезбедува на затворениците структура што ги исполнува нивните очекувања и им овозможува да се чувствуваат безбедно. Недостигот на структура и недоследностите во безбедноста и во контролата може негативно да влијаат врз искуството на затворениците, а на потребите за безбедност може да се одговори со други средства, вклучително групи (на пример, религиозни групи, групи слични на банди) што нудат поддршка. Овие групи може да ги зајакнат и да ги зацврстат затворските хиерархии (извори на статус) и конфликтите меѓу групите затвореници, да ги зголемат ризиците во затворите и да ги намалат перцепциите за безбедност. Недоволниот кадар или кадарот без искуство има негативен ефект врз безбедноста и врз контролата.

---

[15] See https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/UNODC_Handbook_on_Dynamic_ Security_and_Prison_Intelligence.pdf online

[16] Alison Liebling, Prisons and Their Moral Performance (Oxford: Oxford University Press, 2005)

> **Дали знаевте?**
>
> **Соодветната доверба поттикнува сигурна и негувачка култура меѓу персоналот и затворениците:** Довербата е клучна за безбедноста и за контролата, поттикнува добри односи меѓу персоналот и затворениците. Исто така, таа е од суштинско значење за рехабилитација на затворениците. Поединците што немаат доверба може да си наштетат на својата самопочит и може да имаат негативно влијание врз капацитетот на престапниците да се гледаат како доверливи и да се реинтегрираат во општеството. Добро управуваниот затвор мора да се заснова врз доверба: доверливи затвореници што се од доверба и даваат можности за оние што се сметаат дека не се доверливи да изградат доверба. Насилните и казнивите политики, како и лошите врски меѓу персоналот и затворениците може да ја поткопаат довербата, да придонесат за отуѓување, да им дадат дозвола на екстремистичките гледишта во однос на државата, да ги поткопаат напорите за рехабилитација и да ја загрозат безбедноста.

**Професионализам:** Професионалниот кадар применува правила и правично и еднакво распределува привилегии. Тој известува за правилата на затворот и за очекувањата. Потребна е професионална дискреција за да се обезбеди дека казнените практики се применуваат само кога биле искористени сите други можности. Персоналот треба јасно да комуницира со затворениците за да разберат зошто некогаш против нив се применуваат одредени дисциплински дејства и да бидат свесни кое однесување треба да го променат. Професионализмот вклучува еднаков третман на НЕП и на другите престапници. Престапниците може да го тестираат професионализмот. Насилните екстремистички престапници со силен идеолошки наклон и со проблеми во однос на довербата кон властите може да го тестираат персоналот преку нивно експлицитно „дехуманизирање“ (на пример, нарекувајќи ги кучиња) и со целење кон нивните лични гледишта и мислења. Затворскиот персонал треба да биде обучен и да им понуди поддршка за да може да го препознаат ваквото однесување и да разберат како да одговорат професионално.

> **Дали знаевте?**
>
> **Професионализмот бара правичност (легитимност):** Правичност значи праведни процеси и праведни исходи. Праведните процеси значат процедури во кои се донесуваат квалитетни одлуки и правичност во начинот на кој луѓето постапуваат со кадарот во затворот и со пробациската служба. Праведните исходи значат дека со посебните групи и поединци се постапува еднакво и правично.Фаворизирањето или игнорирањето на една група може да ја намали легитимноста на затворот. Издвојувањето на групата, на пример, муслимански престапници или терористички престапници, може да ја засили поделбата на „нас“ спроти „вас“ (на пример, „државата е против муслиманите“) и да ја поткопа легитимноста на затворот и на државата, засилувајќи ја екстремистичката идеологија.

Важно е да се има предвид дека различните етнички и религиозни групи имаат различни искуства (на пример, во врска со дискриминацијата, маргинализацијата, исламофобијата или расизмот) и дека со признавањето еднаквост и различност се избегнуваат зајакнувањето на овие искуства и предизвикувањето штета. Истражувањето покажа како нездравата затворска средина може да создаде услови што придонесуваат за радикализација и како може пошироко да придонесат за негативен исход за сите престапници[17], вклучително зголемени нивоа на нервоза што водат до самоубиство[18].

**Дали знаевте?**

**»Комплицирани« затвореници и затворска средина:** Проблематичното затворско однесување може да се поврзе со затворската средина. Неправичното однесување, лошо организираните режими или фрустрациите во врска со контактот со семејството се околности што може да влијаат врз однесувањето на затвореникот. Истражувањето покажало дека комплицираните затвореници може да се такви во една средина, а да не бидат такви во друга[19], што значи дека предизвикувачкото однесување – вклучително однесувањето поврзано со радикализација – мора да се земе предвид заедно со затворскиот режим.

**Клучни препораки**

- Здрава затворска средина е првиот разубедувач во однос на радикализација. Ризиците од радикализација се намалуваат преку професионален, безбеден и правичен затвор. Отсуството на овие елементи може да ги засили екстремистичкото размислување и недовербата кон властите, како и формирањето групи и поттикнувачи на насилство.
- Вложувањето во секојдневните врски меѓу персоналот и затворениците, преку зајакнување на персоналот, професионализам, почитување и динамични безбедносни мерки, е клучно за справувањето со насилните екстремистички престапници.

## *Процена на ризик и поддршка*

Земјите членки на ЕУ се недоследни во тоа како ги користат резултатите од разузнавањето и процената на ризик и како ги собираат информациите. Пристапите се движат од професионално расудување до алатки за формална процена на ризик.

[17] Hamm, *The Spectacular Few: Prisoner Radicalization and the Evolving Terrorist Threat.*

[18] Alison Liebling, *Suicides in Prison* (London: Routledge, 2002).

[19] Roy D. King and Kathleen McDermott, „’My Geranium Is Subversive‘: Some Notes on the Management of Trouble in Prisons“, *The British Journal of Sociology* 41, no. 4 (1990).

Евалуацијата и процената на ризик имаат две форми:

- собирање информации, следење и анализа,
- специфични алатки за процена на ризик што се користат за НЕП и за оние за кои постои сомнение дека се радикализирани или дека влијаат врз другите.

Земјите членки се охрабруваат да ги следат водечките принципи што се претставени на страница 1.

> **Дали знаевте?**
>
> **Што е субверзивно однесување?** Во напорот да се спречат насилните екстремистички дела повеќе внимание му се посветува на утврдувањето на ненасилното екстремистичко однесување што може да е предуслов за насилство во затворот или надвор од него. Ова отвори значајни прашања за персоналот што има задача да го открие однесувањето што предизвикува загриженост. Забележувањето на ризиците што се поврзани со радикализација, исто така, е тешко во затворска средина. Честопати не е јасна линијата меѓу „затворско однесување“ (отпор, борби за моќ или вклучување во група за заштита) и „екстремистичко однесување“ (извршување насилни дела). Структурираните индивидуални процени и обучениот персонал може да помогнат во оценувањето на ризиците, мотивацијата и попрецизно на потребите на затвореникот.

Во моментот во неколку земји членки (на пример, Белгија, Франција, Италија, Холандија, Шпанија, Шведска и Обединето Кралство) се воспоставени процедури за откривање радикализација. Овие процедури вклучуваат разузнавачко собирање и известување[20]. Разузнавањето е од клучно значење за сигурното функционирање на затворите, но следењето на екстремизмот е предмет на лажни позитиви. Поради тоа, препорачуваме четири сета размислувања за да помогнат при оценувањето на одлучувањето поврзано со разузнавање:

1. ако разузнавањето се користи за да го информира одлучувањето, вклучително сместувањето на затвореници во посебни одделенија, тоа мора да се користи во согласност со правните рамки и со човековите права;
2. разузнавачките системи околу целната група мора да се на повеќе нивоа: тие мора да признаваат степени или нивоа на ризик или закана (на пример, во врска со способноста, намерата и ангажманот) и мора да одредат дали оваа закана се поврзува со престапникот, затворските службеници и со другите затвореници или јавноста;
3. разузнавањето мора да се користи на динамичен начин, дозволувајќи им на поединците да го намалат нивниот ризик и да прекине разузнавањето ако е неважечко или му поминало датумот;
4. разузнавањето мора да се стави во даден контекст: поединците со загриженост и безбедносно разузнавање во врска со радикализација мора да ги стават информациите

[20] Глобален форум за борба против тероризмот, V Препораки за затворско справување и за борба против затворска радикализација

RAN

во контекст и да бидат вклопени со други извори на информации. Ваквото разбирање во контекст треба да вклучува:

- сметки од лица што лично или одблизу го познаваат престапникот што може да обезбеди контекст и разбирање за престапникот, на пример, свештеник или затворски службеник;
- статистички податоци: за поединецот и за делото;
- динамични фактори: како што се вработување, домување, ментално здравје, семејна поддршка итн.; промените во овие фактори може да поттикнат поголем ризик или ублажувачки околности што го намалуваат ризикот;
- клинички фактори: професионално расудување и искуство, со користење лично и професионално искуство за да се оценат информациите што се собрани преку интервјуа и читање досиеја;
- информации од партнерите во повеќеорганизациската рамка, на пример, од социјални работници, полиција и разузнавачки служби, за некој поединец.

Некои земји членки (на пример, Шведска) имаат посветена организација за затворско разузнавање. Директорите на затворите често се жалат дека недостига споделување меѓу затворите и разузнавачките служби. Кога има посветена организација за затворско разузнавање, постојат протоколи за споделување информации што ја олеснуваат работата на општите разузнавачки служби за да ги информираат затворите за престапниците што можеби започнале процес на радикализација.

**Дали знаевте?**

**Радикализација и религиозно однесување:** За религиозно инспирираниот екстремизам многу е важно кои може ја откриле одново својата вера со лица што развиле радикални гледишта. Поголемиот дел од луѓето што, на пример, преминуваат во ислам или му се враќаат на исламот додека се в затвор го прават тоа заради мирни индивидуални мотиви или за да се поврзат со група други затвореници. Предрасудите во однос на врските меѓу религијата и екстремизмот остануваат многу присутни и може да ја попречат точната процена на ризик. Различноста на персоналот и на обуките за свест помагаат да се избегне забуна меѓу двете.

Во некои земји членки се користат неколку алатки за процена на ризик за да се оцени ризикот што се поврзува со лицата што се осомничени или осудени за насилен екстремизам[21]. Процената на ризикот за радикализација, сепак, е во зародиш. Точната процена мора да ги

[21] Тие ги вклучуваат инструментот Вера 2, РЕМ (Risk Assessment Extremism for Managing) и ERG22+ (Extremism Risk Guidance). Видете D. Elaine Pressman and John Flockton, „Violent Extremist Risk Assessment: Issues and Applications of Teh Vera-2 in High-Security Correctional Setting“, in *Prisons, Terrorism and Extremism: Critical Issues in Managment, Radicalisation and Reform*, ed. Andrew Silke (London: Routledge, 2014). RAN P&P Visit Penitentiary Institute, Vught 26 November 2015. Monica Lloyd and Chris Dean, „The Development of Structured Guidelines for Assessing Risk in Extremist Offenders“, *Journal of Threat Assessment and Management 2*, no. 1 (2015).

земе предвид многуте мотивации и околности што придонесуваат за радикализација, а ќе се разликуваат кај различните престапници и може да вклучуваат егзистенцијални потреби за припаѓање, идеолошки обврски, финансиски поттик или величање на насилството[22]. Со оглед на тоа дека се фокусираат на насилниот екстремизам, овие процени на ризик се направени за да се спроведат заедно со општите процени на ризик и со други инструменти што се користат за процена на севкупните ризици и потреби на престапниците.

Процените се ограничени по вредност ако не се прават често. Со нив мора да се постапува како со континуирана активност усогласена со професионалните пресуди. Алатките за процена на ризик може да се користат од неколку причини, вклучително и за оценување на потребите на престапникот и за обезбедување информирани програми и поддршка.

**Дали знаевте?**

**Влијанија за радикализирање:** Да се утврди дали некој се обидува да влијае врз друго лице за да го прифати насилното екстремистичко однесување е голем предизвик во денешниот контекст на загриженост. Да се влијае врз другите значи намера некој да се натера на насилство и претпоставува дека некој има волја да прифати насилна позиција и однесување. Практиките за управување со ризик мора да ги имаат предвид посебните ризици од поединци што принудуваат други да прифатат екстремистички ставови од други форми на социјални интеракции. Групите во затворите може да дадат можности за просоцијално менторство. Практиката за управување со ризик мора да ги има предвид ранливите лица што може да се предмет на малтретирање и на принуда.

Алатките за процена на ризик не треба да се користат како алатки за предвидување идна закана или однесување на некој поединец. Употребата на овие алатки може да има неколку штетни ефекти, вклучително етикетирање на поединците како „екстремисти“, што придонесува за нивно отуѓување и потенцијално ја намалува легитимноста (правичноста) на затворот[23]. Поради тоа, клучно е темелно и постојано да се оценува секој поединец, при што им се посветува внимание на нивните лични, социјални и на околностите на средината[24]. Процената и откривањето на ризикот не треба да се нагласат на сметка на поддржувачките престапници со обезбедување безбедносен личен развој или можности за семеен контакт.

За да се препознаат позитивната и негативната промена, важно е процените да се повторуваат во редовни интервали или кога има промени. Ова е клучно за документирањето и за разбирањето на намалувањето на нивото на ризик што може да го покаже одреден

[22] ОН, ‘Handbook on the Management of Violent Extremist Prisoners and the Prevention of Radicalization to Violence in Prisons’, стр. 42.

[23] Alison Liebling and Ryan J. Williams, „The New Subversive Geranium: Some Notes on the Management of Additional Troubles in Maximum Security Prisons“, British Journal of Sociology (in press).

[24] ОН, „‘Handbook on the Management of Violent Extremist Prisoners and the Prevention of Radicalization to Violence in Prisons’, стр. 42.

престапник, како што ќе се развива неговиот процес на откажување, како и за транспарентноста во одлучувањето, на пример, во однос на програмата и сместувањето.

**Дали знаевте?**

**Харизматично лидерство:** Нивото на социјален престиж што го уживаат затворениците може да се определи од неколку фактори. Истражувањето покажало дека затворскиот статус произлегува од тоа што е внесено во затворот (хиерархија на делото) и од тоа што се покажало вредно во затворски контекст за намалување на болките поврзани со затвор (на пример, социјални врски). Лидерството меѓу затворениците мора да се разбере во рамките на пошироките социјални, материјални и морални затворски околности. Едно неодамнешно истражување утврди докази за затворските хиерархии што се појавуваат во напната затворска средина со слаби врски меѓу персоналот и затворениците и за лидерот што носи баланс, стабилност и ред во затворското крило[25].

**Клучни препораки**

- Алатките за следење и за споделување разузнавачки информации за радикализам и регрутирање се потребни за да се оцени нивото на ризик и на закана од НЕП (за нив самите, за другите престапници, за персоналот и јавноста); организирање на ова во рамките на затворскиот систем може да ја зајакне соработката со полицијата и со општите служби за разузнавање.
- За насилните екстремисти потребни се специјализирани алатки за процена на ризик; информациите треба да се соберат од неколку извори и мора да се води грижа да се намали необјективноста на оценувачот.
- Специјализираните алатки за процена на ризик треба да ги дополнат другите алатки и пристапи за процена на ризик и на потребите.
- Мора редовно да се прават процени на ризик за да бидат јасни промените на нивоата на ризик; процените мора да ги земат предвид личните, социјалните и околностите на средината на престапникот.
- Протоколите за процена на ризик мора да бидат соодветни за комплексноста / големината на процесот / популацијата, нивото на ресурси и можностите на персоналот во рамките на земјата членка.
- Во однос на рехабилитацијата, процената на ризик треба да опфати процена на потребите — и општа, но и специфична за справување со екстремистичкото размислување (на пример, повеќе контакти со семејството, развивање на религиозно разбирање, повеќе контакти со други затвореници или членови на персоналот што може позитивно да влијаат врз НЕП).

[25] Alison Liebling et al., »Locating Trust in a Climate of Fear: Religion, Moral Status, Prisoner Leadership, and Risk in Maximum Security Prisons — Key Findings from an Innovative Study«, (Center za raziskovanje zaporov, Inštitut za kriminologijo: Univerza v Cambridgeu, 2015).

## *Избори на затворски режим: концентрација, дисперзија или комбинација*

Во моментов земјите членки на ЕУ користат еден од трите вида режими за да се справат со НЕП и со лицата што се сметаат како ризични за радикализација или кои влијаат врз други[26]. Сите НЕП не се сместени во затвори со висока безбедност (некои земји немаат такви затвори), а некои земји членки определиле затвори за НЕП што се обвинети или осудени за терористички дела (на пример, Белгија, Франција, Италија, Холандија и Шпанија). Во оваа област многу брзо се менуваат политиката и практиката, а земјите испробуваат различни избори на режими (Англија и Велс, на пример, размислуваат да го заменат дисперзираниот модел со специјално одделение, а во 2016 година Франција експериментираше со специјални одделенија). Овој дел ги истражува разликите меѓу затворските режими по моделите со концентрирање, дисперзија или комбинација, како и за предизвиците и придобивките од секој од нив. Во Слика 1 е даден преглед на деталите на процесот на одлучување што е дел од овие избори на режими.

**Модел на задржување:** НЕП и лицата што се осомничени за радикализација се сместуваат во посебни одделенија — понекогаш овие помали одделенија следат сличен режим, понекогаш имаат уникатен режим што му помага на персоналот да се справи со специфичните ризици и однесувања (видете „Размислувања за специјални одделенија“). Моделите на задржување може да ги „концентрираат“ НЕП и осомничените заедно или може да служат како специјални одделенија за различни типови поединци со проблематично однесување (т.е. не само НЕП). На почетокот моделот на задржување е можност за НЕП што влегуваат во системот, но, исто така, е можност и за поединците што не се осудени за дела на насилен екстремизам ако нивното однесување е поврзано со радикализација (видете „Критериуми за влез“, стр.13).

[26] Roy D. King and Sandra L. Resodihardjo, „To Max or Not to Max“, *Punishment & Society* 12, no. 1 (2010).

Слика 1: **Табела за текот на процесот на одлучување за три модели на затворање на НЕП и на радикализирани престапници**




**Дали знаевте?**

**»Критериуми за влез« за специјални одделенија:** Мора да се исполнат критериуми за влез во специјалните одделенија. Предвид треба да се земат критериумите: врз основа на што се донесуваат одлуки едно лице да се премести во специјално одделение; точните критериуми што се користат; начините на кои проблематичното однесување поврзано со радикализам е слично или различно од другите проблематични однесувања што ги има во затворската средина; транспарентноста на одлуките; дали се предмет на правен предизвик; и дали одлуките се во согласност со човековите права.

Предности: Задржувањето дозволува одблизу да се следат однесувањата и интеракции. Со обучување персоналот може да стане високоспецијализиран за работа со вакви лица и интервенциите може да се фокусираат на нивните потреби. НЕП се издвоени од другите и со ова се спречуваат промени во хиерархијата на моќта и тие да имаат влијание врз насилниот екстремизам. Моделот на задржување, исто така, обезбедува дека НЕП и оние за кои постои ризик дека ќе радикализираат други директно не регрутираат или влијаат врз другите. Освен тоа, во однос на јавноста ова е многу „видлив“ начин за справување со НЕП.

Слабости: Сместувањето на НЕП заедно може да ги зајакне социјалните врски и да придонесе кон култура на спротивставување меѓу затворениците и персоналот, поткопувајќи ги напорите на персоналот да изгради врски и доверба. Оваа социјална динамика може дополнително да го зацврсти спротивното размислување меѓу „нас“ и „нив“ и да ги засили ставовите дека земјата е против поединците. Групирањето во слични религиозни или етнички групи може да ги зајакне гледиштата внатре во затворот и во рамките на општеството погенерално за неправичното постапување со одредени религиозни или етнички групи, давајќи им легитимитет на неправдите. Одделенијата може да бидат извор на стигма и статус (подолу видете „Специјални одделенија“), уривајќи ги нивните цели од штетната слика за себе од престапниците или правејќи ги одделенијата пожелни места; во двата случаја се поткопуваат напорите за рехабилитација. Пристапот ги третира сите екстремистички престапници како еднакви по степен и сериозност на ризик, и покрај многуте активности што се вклучени во насловот „Дела на насилен екстремизам“, вклучително и оние што се поврзани со собирање средства, патување и со насилство. Трошоците за објекти и за режими создадени за одредена цел се високи и има малку истражување за да се определи колку добро работат таквите одделенија. (Раните) искуства на специјалните одделенија, на пример, во Холандија и во Франција, покажуваат колку е тешко да се најде добар персонал. Кога ќе се случи некој инцидент (на пример, повреден е член на персоналот), работните позиции во специјалните крила стануваат уште помалку атрактивни. Со оглед на тоа дека се зголемува бројот на терористички дела, растат и ризиците и потребите на престапниците (мажи / жени, различни дела, различно идеолошко минато) во рамките на специјалните крила. Се покажа тешко да се остане на само еден безбедносен режим што функционира и покрај сите разлики.

**Дали знаевте?**

**Предизвикот на »специјалните одделенија«:** Сместувањето на НЕП и на лицата што се сметаат како ризични за радикализирање на другите во специјалните одделенија постави прашања во врска со стигматизацијата и со статусот. Специјалните одделенија создаваат ризик за зацврстување на етикетирањето на овие поединци како опасни, што може да ги попречи можностите за рехабилитација. Тие може да придонесат и за групно поврзување на затворениците и да ги поткопуваат напорите за рехабилитација. Специјалните одделенија може да служат како извор на статус со оглед на тоа дека праќањето на еден затвореник во специјално одделение го бележи како различен од другите затвореници и може да се сфати како знак на престиж. Во секој контекст мора јасно да се формулира случајот за користење специјални одделенија наместо постојните процеси и структури за справување со проблематичното однесување.

**Дисперзиран модел:** НЕП и лицата што се осомничени за радикализација се сместуваат заедно со другите и влегуваат под ист општ режим. Според овој пристап, се прави напор за нормализирање на НЕП меѓу другите — иако за овие престапници може да се разликуваат безбедносните режими.

<u>Предности</u>: Со оглед на тоа дека затворениците се сместуваат заедно со другите, тие не се предмет на исти извори на стигма или на маргинализација што ги следат од сместувањето во специјални одделенија. Слично на ова, не се јавуваат ни прашањата во врска со статусот добиен од сместувањето во специјално одделение. НЕП може да имаат можности за да ги променат своите ставови и однесување преку интеракција со другите затвореници. Финансиските трошоци за овој пристап веројатно ќе бидат пониски во споредба со специјалните одделенија.

Слабости: Не е вработен специјализиран персонал, а општиот персонал може да не е обучен за да може целосно да ги разбере лицата или знаците што претставуваат опасност. Потешко се забележуваат ризиците што се поврзани со екстремизам кога сите затвореници се заедно затоа што овие ризици се дел од поинаква социјална динамика и ризици на наредба и контрола. Исто така, постои загриженост дека сместувањето на НЕП меѓу другите затвореници ќе го зголеми потенцијалот за радикализација меѓу нив и ќе создаде можности за мешање на криминалните култури.

**Дали знаевте?**

**»Критериуми за излез« од посебните одделенија:** Треба да има јасни критериуми за преместување на лицата од специјалните одделенија. Клучните размислувања вклучуваат: Ако се користат специјални одделенија за проблематичните затвореници и за НЕП, според кои размислувања се преместуваат престапниците од овие одделенија? Дали е наведен „критериум за излез“ или дали се користени специјални одделенија додека им траат казните на престапниците? Треба да се обезбедат можности затворениците да го сменат своето однесување и да се увидат овие промени.

**Комбиниран модел:** Лицата што се осомничени или обвинети за дела на насилен екстремизам се сместуваат во посебен или во вообичаен режим, во зависност од процената на ризик и од однесувањето на поединечниот затвореник.

<u>Предности:</u> Комбинираниот модел обезбедува флексибилност и приспособливост на ризиците и на потребите на поединците.

<u>Слабости:</u> Критериумите и алатките за процена на ризик за да се утврди соодветно сместување не се прецизни (видете „Процена на ризик и поддршка“). Комбинираниот модел е скап со оглед на тоа дека се потребни обучување на персоналот и ресурси за специјалисти.

**Табела 2: Краток опис на потенцијални предности и слабости на изборот на режим**

| Избор на режим | Потенцијални предности | Потенцијални слабости |
|---|---|---|
| **Задржување** | – Следење одблизу<br>– Ограничен ефект врз другите<br>– Фокусирани интервенции<br>– Специјализиран персонал<br>– Осигурување на јавната безбедност | – Нови и посилни врски меѓу затворениците<br>– Нарушена доверба меѓу персоналот и затворениците<br>– Зацврстено спротивно размислување<br>– Засилени перцепции на неправичност<br>– Ефекти на етикетирање, стигматизација<br>– Статус поврзан со тоа што се наоѓаат во специјално одделение<br>– Се смета дека сите НЕП се еднаков ризик<br>– Тешко е да се најде персонал<br>– Големи финансиски трошоци |
| **Дисперзија** | – Помалку стигматизација и маргинализација<br>– Нема статус како резултат на сместувањето во специјално одделение<br>– Можности за позитивно влијание од другите | – Неспецијализиран персонал, трошоци за обуки<br>– Тешко е да се обезбеди разузнавање со висок квалитет<br>– Предизвици во тоа да се знаат затворениците и динамична безбедност<br>– НЕП може да влијаат врз другите<br>– На НЕП може да влијаат криминалните банди |
| **Комбинација** | – Посебно подготвени реакции за потребите/ризиците на поединецот | – Критериумите за селекција /проценета на ризик не се прецизни |

**Клучни препораки**

- Изборот за режим треба да се води од целта за нормализирање на НЕП, при што ќе се намалат ризиците за НЕП, другите затвореници, персоналот и за општата јавност.
- Предностите и слабостите на различните модели на затворски режим, кои се достапни за справување со ризиците од радикализам, мора внимателно да се разгледаат и да се измерат наспроти индивидуалните потреби на престапниците. За затворениците што демонстрираат загрижувачко однесување поврзано со радикализам може да бидат неопходни специјални одделенија, но нивната употреба мора да се води според јасни критериуми за влез и излез и тие мора да работат во согласност со правните рамки на предметната држава.
- Разликувањето во рамките на специјалните одделенија е важно за кроење на безбедносните и на рехабилитациски напори за различни нивоа на ризици и потреби во врска со нивото на делото, родот и идеолошкото минато.
- Без оглед на изборот на режимот, затворите мора да се опремат сосредства за оценување на најдоброто сместување за затворениците и имаат соодветни одредби за обука на персоналот (општ или специјализиран).

## *Интервенции за рехабилитација*

**Користење на постојните структури и процеси за индивидуализирани планови за казнување:** Во затворите се воспоставени малку интервенции за рехабилитација, конкретно за НЕП и за оние што се осомничени за радикализација. Прашањата во врска со радикализацијата вообичаено се одговараат преку постојните структури и процеси и тие се индивидуализирани за секој престапник како дел од неговиот план за казнување[27]. Со однесувањето се справува преку психолошки интервенции, свештенички активности, образование, вработување и со добри врски меѓу персоналот и затворениците. Широкиот холистички пристап признава дека откажувањето од насилниот екстремизам има повеќе аспекти и честопати е уникатно патување. Стручната обука во затворот е значајна во подготвувањето на престапниците за ослободување и за откажување. Кај престапниците со пократки казни има помалку можности за интервенција додека се в затвор.

**Специјалистички психолошки интервенции:** Има само неколку примери за специјалистички интервенции што директно се насочени кон НЕП[28]. Постојните специјалистички интервенции се психолошки водени и се спроведуваат еден на еден или во мали групи. Потребата за специјалистички интервенции зависи од особеностите на секој поединец.

Искуството покажува дека може да биде потешко да се финансираат индивидуални интервенции. За време на групните интервенции учесниците често се помалку „искрени", особено во однос на нивната состојба и ставови. Потенцијалното попречување на групната динамика (на пример, харизматични радикални „лидери" што го предизвикуваат олеснувачот), исто така, мора да се земе предвид.

**Теолошко образование и поддршка од свештениците:** Одредбите на свештениците може да помогнат во однос на религиозното образование и поддршката. Свештениците не обезбедуваат само религиозно образование туку во случајот на насилната исламска идеологија може да предизвикаат одредени гледишта и да обезбедат можности притворените да размислат за прашањата на поинаков начин. Сепак, можноста за учество во религиозни активности се разликува во земјите членки на ЕУ според ресурсите, демографијата на секој затвор и ставот на државата во однос на религијата. Во земјите членки на ЕУ се ретки специјалистичките идеолошки интервенции, вклучително дијалошките сесии, како што се среќава во земјите со мнозинско муслиманско население. Грижата и водењето на моменти се совпаѓаат со целите на дерадикализирање и превенција, на пример, при обезбедувањето теолошки перспективи, но безбедноста треба да биде примарен фокус на свештеникот. Ако свештениците се вклучени во напорите за напуштање / дерадикализирање, тие треба да имаат искуство и да се обучени за да го прават тоа. За специјалистичките интервенции со НЕП не е доволен фактот дека тие се религиозно образовани.

---

[27] Обединети нации, 'Handbook on the Management of Violent Extremist Prisoners and the Prevention of Radicalization to Violence in Prisons', стр. 42.

[28] Christopher Dean, „The Healthy Identity Invervention: The UK's Development of a Psychologically Informed Intervention to Address Extremist Offending", *in Prisons, Terrorism and Extremism: Critical Issues in Managment, Radicalisation and Reform*, ed. Andrew Silke (London: Routledge, 2014).

**Дали знаевте?**

**Религијата во затворот и државата[29]:** Постоењето на свештенички оддели за НЕП и за лица што потенцијално се загрижени од радикализам се разликува во земјите членки на ЕУ. Франција, на пример, формално не ги признава муслиманските свештеници како дел од затворскиот систем, а во Англија и во Велс има свештеници што формално се вработени од државата и сè повеќе се вклучуваат во процената на ризик[30], иако ова не поминува без контроверзија со оглед на тоа дека може да се поткопа довербата на затворениците[31]. Важно е свештениците да бидат почитувани од затворениците и нивната улога да биде јасно одвоена од безбедноста за да може да ја задржат довербата на затворениците и да може да обезбедат свештеничка и духовна грижа и водење.

**Социјална поддршка:** Обезбедување можности престапниците да одржуваат тесни врски со мрежите на пријатели и на роднини е клучно за надминување на преминот од затвор во ослободување. Истражувањето на напуштањето меѓу криминалците генерално и меѓу НЕП конкретно во врска со дерадикализирањето и напуштањето ја поддржува важноста на социјалните врски во овие процеси. Интервенциите, како што се менторските проекти, може да се користат за да обезбедат социјална поддршка и да помогнат да се изградат врски засновани врз доверба, на пример, со персоналот, членовите на заедницата и со професионалците од НВО. Важно е да се оцени дали семејството и социјалните кругови се партнери во процесот на напуштање и се против стимулаторите на екстремистичкото размислување. Ако второто е точно, преку други канали (во согласност со правните прописи и прописите за човековите права)треба да се обезбеди социјална поддршка.

[29] Ryan J. Williams and Alison Liebling, „Faith Provision, Institutional Power and Meaning among Muslim Prisoners in Two English High Security Prisons“, in *Religion in Prison*, ed. Kent Kerley (Praeger, in press).

[30] James Beckford, Daniele Joy and Farhad Khosrokhavar, *Muslims in Prison: Challenges and Change in Britain and France* (Basingstoke, England & New York: Palgrae MacMillan, 2005).

[31] Sophie Gilliat-Ray, Stephen Pattison and Mansur Ali, *Understanding Muslim Chaplaincy* (Surrey, UK: Ashgate, 2013).

**Клучни препораки**

- Интервенциите за рехабилитација треба да бидат поддржани од процените на ризик и од потребите, а плановите за казнување на НЕП мора да вклучуваат посебно направени планови за интервенирање. Тие може да се засноваат врз постојните структури, ако се воспоставени, но може да вклучуваат и специјалистички интервенции.
- Психолошките интервенции може да се работат еден на еден или во групи. Иако интервенциите еден на еден се поскапи, тие треба да имаат приоритет поради потенцијалниот негативен ефект врз групната динамика при работењето во група.
- Обезбедувањето религиозна и духовна поддршка е клучно и може да има ефект на разочарување кај НЕП во однос на религиозно мотивираните идеологии. Сепак, ако свештениците намерно се вклучени во напорите за напуштање / дерадикализирање, тие треба да се искусни и обучени во оваа област. Треба да се земат предвид нивниот кредибилитет и легитимност во очите на престапникот и кај поширококата јавност.
- За напуштање и за евентуално пуштање на слобода важна е социјалната поддршка. Работењето со семејството и пријателите како партнери во процес на напуштање е ефикасно ако социјалниот круг не бил фактор во процесот на радикализација. Треба да се размисли и за други приоди на социјална поддршка (на пр. менторски програми или вклучување на заедницата).

## *Обука и поддршка на персоналот*

Со оглед на тоа дека европското општество стана поразновидно и комплексно, такви се и затворските општества. За да се воспостават добри врски меѓу персоналот и затворениците сè повеќе се важни чувствителноста и разбирањето на културните и на религиозните норми, вредности и изрази. Не е потребно сите членови на персоналот да бидат експерти за одредени идеологии или религии. Сепак, неопходно е службениците во поправните установи да имаат одредено познавање на религиозното и на културното потекло на лицата со кои работат. Предрасудите, несигурноста и стравот од престапници може да води до прекумерно известување и до негативни контакти со затворениците и може да придонесе за маргинализација и да создаде атмосфера на заемно сомнение и недоверба.

**Општа обука:** Неопходно е одредено ниво на професионализам на персоналот ако сакаме обуката за конкретен наслов од радикализацијата како тема да биде ефикасна. Поспецијализираната обука на целиот непосреден затворски и пробациски персонал треба да вклучува разбирање на околностите што водат до насилен екстремизам (видете „Процена на ризик и поддршка“, страница 9). Целиот непосреден затворски и пробациски персонал треба да се обучи за да ги препознае процесите на радикализација. Нагласуваме дека овој пристап не треба да бара „знаци“ на радикализација со оглед на тоа дека тие се често предмет на лажни позитиви и недоразбирање. Потребно е познавање на престапникот и разбирање на улогата на небезбедната затворска средина (видете „Здрава затворска средина“, стр. 6), вклучително недостиг на поддршка и пристапи за личен развој и надеж. Персоналот мора да биде свесен за

непријателството меѓу вработените и затворениците, како и меѓу самите затвореници и мора да работи со НЕП и со другите лица што се наоѓаат во опасност од радикализација, а во исто време да покажува почит, правичност и емпатија.

**Специјалистичка обука:** Персоналот што работи директно со осудените терористи мора да има одредени вештини, а за тоа не се погодни сите вработени. Обуката вообичаено опфаќа неколку професионални практики, вклучително: да се разберат патеките што водат кон насилен екстремизам, да се разберат предупредувачките знаци за радикализација и карактеристиките на позитивните режими, да се спроведе разузнавачка процена, да се следат етичките стандарди, интерперсоналните вештини, управувањето со стрес, религиозната и културната разновидност[32].

Специјализираниот персонал обично се дели во две категории: редовни службеници што работат во специјализирано крило или одделение (на пример, терористичко крило) и оние што собираат информации од други експерти (тоа може да се социјални работници, психолози итн.). Овој специјализиран персонал ќе направи процени и ќе управува со интервенциите/програмите. Потребна е поддршка за овој специјализиран кадар затоа што многу често се бори за „висок морал“ и треба да создаде доверба кај престапниците.

Разумен пристап би било на вработените да им се понуди општа обука за свест и специјалистичка обука за вработените што работат директно со затворените терористи. Вработените треба да добијат поддршка за да се справат со нервозата, да бидат сигурни во своите одлуки и во оние што се засновани врз резултати од алатката за процена и во нивните професионални гледишта. Треба да се воспостави структура за поддршка во која ќе бидат вклучени колегите, психолозите и раководството на затворот. На национално ниво треба да се воспостави одделение за обука и поддршка што ќе биде задолжено да го ажурира и да го дели материјалот за обука и кое ќе им даде поддршка на вработените и на управителите. Националното одделение за обука и поддршка треба да се поврзе со другите земји членки за да се споделуваат модели за најдобри практики и материјали за обука.

[32] ОН, ‘Handbook on the Management of Violent Extremist Prisoners and the Prevention of Radicalization to Violence in Prisons’, стр. 30.

**Клучни препораки**

- Обуката на кадарот мора да ја вклучи различноста за да се подобри разбирањето на затворениците со различно културно и религиозно потекло за да може персоналот да разбере кое однесување и практики можеби се поврзани со радикализам, а кои не се.
- Персоналот треба да биде обучен да го разбере радикализмот, како и индивидуалните, социјалните и околностите на средината во однесувањето на затвореникот. „Знаците“ на радикализам треба да се бараат во поширок контекст на признавање на ранливите моменти на затворениците и потребите за поддршка. Персоналот треба да го разбере процесот, а не само да бара „знаци“.
- Општата обука треба да биде достапна за сите, а специјалистичката обука е потребна за различни членови на персоналот и во сооднос со ризичниот број затвореници.
- Националното одделение за обука и поддршка за затворскиот персонал може да помогне со делење на материјалот за обука, развивањето подобри практики за обука и нивоа на психолошка поддршка за персоналот. Тоа може да ја зајакне и соработката на локално, национално и на меѓународно ниво и да го олесни споделувањето на најдобрите практики и на материјалите за обука.

## Пробациски контекст

Службите што се одговорни за престапниците по нивното пуштање на слобода имаат огромен товар затоа што сакаат да се справат со ризиците што се поврзани со насилниот екстремизам, а во исто време да гарантираат дека престапниците се поддржани и реинтегрирани по пуштањето на слобода. Со оглед на тоа дека сега се разновидни делата што се поврзани со тероризам, а казните стануваат пократки (помалку од четири години, а некои отслужуваат и само две недели), може да има многу мала можност за рехабилитација на престапниците додека се в затвор. Разновидноста на престапниците, меѓу кои има и млади и сè поголем број жени што се осудени за дела поврзани со тероризам, бара размислување и уникатни пристапи. Во овој нов контекст неопходна е повеќеорганизациска соработка меѓу затворите, пробациската (или еквивалентна) служба, полицијата и службите на заедницата за да се осигури дека се споделени информациите и на престапниците и на поранешните престапници им се дадени потребните интервенции и структури за поддршка. Повеќеорганизациската соработка и планирање за пуштање на слобода мора да започне многу пред датумот на пуштање, по можност барем шест месеци порано за да се гарантира дека е овозможена и континуирана размената на информации и дека се воспоставени служби за поддршка.

### *Пуштање на слобода и реинтегрирање на НЕП: општа добра практика*

Реинтеграцијата има цел да спречи насилно однесување и да овозможи инклузија и учество во општеството. Чувството на припаѓање и прифаќање ја прави помалку одржлива посветеноста на насилството. Радикалните идеи, сами по себе, не се опасни, иако може да останат како ризичен фактор за насилно однесување во некои околности. Има малку

истражувања за НЕП по пуштањето на слобода и малку се знае за она што помага во нивното повторното вклопување. Сепак, како прашање на добра практика:

**Планови за вклопување:** Плановите треба да се вклучат во работната агенда за престапникот колку што може порано во текот на казната. Процените на ризиците и потребите се клучна алатка за подготвување ефикасни програми за реинтеграција. Пробациските служби (или националниот еквивалент) треба да соработуваат во оваа процена за време на последната фаза од затворската казна. Таквата повеќеорганизациска соработка може да обезбеди насоки како најдобро да се обликува процесот на реинтеграција.

**Справување со преминувањето:** Транзициските периоди се оние моменти кога постои голем ризик од рецидивизам и кога е важно да има планови пред да се отслужи целата казна. Овие планови треба да инкорпорираат начини за справување со проблематичен дом или личен живот и да го искористат човечкиот и социјалниот капитал за да се намали веројатноста за нови престапи.

**Индивидуализирана процена на ризик и потреби:** Важно е да се разбере поединецот и да се одговори на неговите уникатни околности и предизвици, исто така, важно е и олеснувањето на напуштањето и/или дерадикализирањето со признавање на потенцијалот за придонесување во општеството. На мултидисциплинарните тимови им се препорачува да ги оценат индивидуалните потреби и ризици на престапниците.

**Градење капацитет:** Од клучна важност е планирање на крајот на поддршката и градењето капацитети преку кои поединецот ќе може да се потпре и да соработува со други, вклучително социјална и организациска поддршка (види подолу).

**Доверба:** Довербата е клучна за ефикасна пробациска работа и често процесот на спојување на екстремистички престапници со пробациски службеници се прави паралелно со градење доверба. Пробациските службеници кои споделуваат исто културно или религиско потекло со престапникот може да го поттикнат градењето доверба.

**Социјална и организациска поддршка — откажување од радикализмот заедно со други:** Теориите за напуштање — оние што сакаат да разберат како поединците прекинуваат со криминалот или го напуштаат — да се сугерира дека напуштањето е производ што е достигнат заедно со другите. Во „други“ се вклучени поправни службеници и дополнителни лица во социјалните мрежи. Претставниците на другите организации што соработуваат ги вклучуваат организациите од заедницата што помагаат во барањето работа или во религиозното или во духовното водење и социјалните служби треба да служат за да ги исполнат потребите за социјална поддршка и да ги намалат изворите на ризик. Пријателите, семејството и партнерите се суштински за траекториите на напуштање и за зајакнување на позитивниот став на ненасилното однесување, како и позитивниот идентитет. Луѓето за кои се смета дека се некаков авторитет за престапникот, како што се религиозниот лидер, наставниците или лицата што претходно имале исти верувања и ставови, но се откажале од насилното однесување и може да служат како ментори, исто така, може да имаат позитивно влијание.

**Дали знаевте?**

**Промовирање човеково добро:** „Good Lives Models“ (Моделите на добар живот-GLM) е позитивен пристап што е заснован врз сила во однос на напуштањето и рехабилитацијата. Признава дека е неопходно намалувањето на криминолошките потреби, но тоа не е доволен услов за ефикасни интервенции. GLM конструктивно и на широко го разгледува човековото добро — „искуствата, активностите, работите поврзани со благосостојбата и нивоата на лична сатисфакција и социјална функција“[33]. Лицето се гледа заедно со надежите, целите и чувството на цел, а тоа е клучно за олеснување на процесот на напуштање за престапниците што се осудени за дела поврзани со тероризам.

Позитивните врски се од суштинско значење за поддршка на процесите на напуштање и / или дерадикализирање и тие треба да се олеснат преку врски. Цел на овие врски треба да биде:

- да се обезбеди поддршка кога ќе се утврдат криминогени потреби (потреби што директно се поврзуваат со веројатноста некој да изврши кривично дело, на пример, недостиг на одредени вештини) преку соодветни алатки за процена;
- да се понуди поддршка за решавање на проблемите што самите престапници ги дефинираат како централни во нивната ситуација и како можни причини за насилно однесување;
- да им помогне да ги препознаат и да ги сфатат своите потенцијални сили, способности, вештини итн. и соодветно да ги насочат;
- да понудат предлози и можности за учество во заедницата, на пример, преку културни или спортски групи;
- да се поддржи престапникот во реалното дефинирање на „добар живот“ и во наоѓањето начини за практично постигнување на таа визија;
- да се стимулира повторно дефинирање на идентитетот преку позитивна повратна информација што поддржува надеж, припаѓање и реинтеграција.

[33] Tony Ward in Shadd Maruna, Rehabilitation (Taylor & Francis, 2007), str. 21.

**Клучни препораки**

- Престапниците мора континуирано да бидат поддржувани од затворот до пуштањето, особено имајќи ги предвид пократките казни што сега ги создаваат делата поврзани со тероризам и поради тоа што токму периодот на транзиција создава највисок ризик за рецидивизам.
- Повеќеорганизациската соработка е клучна за непречено преминување од затвор во заедницата и за да се оптимизираат можностите за престапниците за најдобро да им се проценат и исполнат потребите. Оваа соработка треба да биде дел од планирањето по пуштањето и во тоа треба да се вклучи мултидисциплинарен тим.

## *(Специјалистички) интервенции*

Интервенциите, структурите за поддршка и практиките за управување со ризик може да бидат специјално направени за НЕП или може да се погенерални во пристапот, на пример, преку стручни можности и олеснување на семејната поддршка[34]. Дали ќе се заземе специјалистички пристап ќе зависи од потребите на престапникот. Некои земји членки (на пример, Франција, Холандија и Обединетото Кралство) имаат доброволни програми со кои се овозможува користење на неколку интервенции:

- **Престапниците мора да имаат континуирана поддршка** во времето додека се в затвор, па до пуштањето на слобода. Првите неколку недели по пуштањето се моменти кога поранешните престапници се најранливи. Приспособувањето може да биде тешко и за поранешните престапници и за нивните семејства. Еден начин за да се гарантира овој континуитет е да се договори менторство или олеснување пред или по пуштањето. Треба да се работи со престапникот за време на казната и треба да има точка за контакт и поддршка по пуштањето.
- **Обезбедување на материјалните потреби и на потребите за социјална поддршка на НЕП:** Структурираната соработка со снабдувачите на услуги, како што се агенциите за домување, агенциите за вработување, образовните институции, здравствените и семејните служби се од суштинско значење за да се обезбедат можности затворениците да се реинтегрираат и повторно да го изградат животот по пуштањето на слобода. Ова мора да се вгради во плановите за вклопување пред пуштањето на слобода заедно со другите социјални потреби. Градење то и поддржувањето врски, развивањето позитивно социјално поврзување, поддржувањето и стимулирањето лични сили и вештини, поттикнувањето надеж и нудењето насоки за религиозни и за духовни прашања се важни за реинтеграцијата во општеството и за живот без кривични дела. Точните форми на поддршка ќе зависат од внатрешните и од надворешните потреби на престапникот. Поради стигмата на терористичките дела, обезбедувањето ваква поддршка може да биде потешко за НЕП (видете „Пречки за реинтеграцијата“, стр. 23).

[34] Мрежа за свест за радикализација, ‘Ex Post Paper Ran Exit’ изд. РАН З&П (Амстердам, 2016 г.).

- **Интервенции во соработката со социјалната мрежа на престапникот:** Истражувањето на напуштањето ја покажува важноста на силните социјални врски кај охрабрените престапници да прифатат живот без криминал. Вклучувањето на социјалната мрежа на поранешниот престапник, особено на семејството,[35] во интервенциите обезбедува клучна поддршка за процесите на напуштање. Ова може да значи вклучување на членовите на семејството во одлучувањето на професионалците за поранешните престапници, давајќи им задачи или одговорности за да му помогнат на поранешниот престапник и за да им обезбедат обуки со кои ќе се подготват да се справат со својот близок кога ќе заврши интервенцијата. Оние што се во рамките на социјалната мрежа на престапникот и кои имаат негативно влијание не треба да се вклучуваат, но треба да се води грижа при утврдувањето на таквите негативни влијанија. Практиките што ветуваат во оваа област може да се инспирирани од пристапот „социјална мрежа на придобивки" што се користи за малолетни престапници што се близу до пуштање, а кои имаат мрежи на своите најблиски. Секој потпишува договор со кој се согласува престапникот. Обврзничкиот договор создава одговорност во мрежата на престапникот и ова служи како мрежа за социјална сигурност. Австрија експериментира со ова.

- **Теолошки интервенции и поддршка од религиозни заедници:** Вакви специјалистички интервенции може да се понудат во затворот и по пуштањето. Религиозните заедници, вклучително волонтерите и имамите, играат важна улога во поддржувањето на престапниците по ослободувањето, а недостигот од социјална и духовна поддршка може да ја зголеми ранливоста по пуштањето. Престапниците може да имаат корист од религиозното советување или од посебно направени религиозни и теолошки интервенции. Специјалистичките интервенции може да се нагласат со теолошки пристап, каде што цел е спротивставувањето на конкретни идеолошки верувања или може да има когнитивен бихевиористички пристап. Стручните лица треба да се обидат да ги користат овие ресурси на заедницата како дел од мрежата на поддршка што е достапна за да му помогне на поранешниот престапник во неговото напуштање и реинтеграција. Како и кај менторските програми, така и кај работењето со членовите на семејството треба да се направат соодветни процени на ризик за инволвираните поединци.

- **Менторски програми:** Некои земји членки (Данска и Обединетото Кралство) имаат менторски систем за радикализирани поединци што сакаат да прекинат со насилен екстремизам[36]. Овие ментори, кои служат како пример и водич во општеството, може да бидат обучени волонтери. Некои може да се „поранешни" - со минато како насилни екстремисти и со искуство од напуштање на сцената[37]. Тие се запознаени со ситуацијата во која се наоѓа лицето, може да понудат насоки за излез од екстремизмот и да ги покажат алтернативните начини на живеење. Други ментори може да доаѓаат од религиозни или од организации на заедницата и може да го поддржат престапникот на многу начини,

[35] Basia Spalek, „Radicalisation, De-Radicalisation and Counter-Radicalisation in Relation to Families: Key Challenges for Research, Policy and Practice", Security Journal 29, no. 1 (2016).

[36] Basia Spalek and Lynn Davies, „Mentoring in Relation to Violent Extremism: A Study of Role, Purpose and Outcomes", Studies in Conflict & Terrorism 35, no. 5 (2012).

[37] Глобален форум за борба против тероризмот, 'Rome Memorandum on Good Practices for Rehabilitation and Reintegration of Violent Extremist Offenders'.

вклучително преку секојдневна помош (на пример, при пополнувањето на апликациите за работа). Клучни за успех се контролните ментори што ќе обезбедат дека нема скриени планови и ќе гарантираат дека добро се одвива процесот меѓу менторот и престапникот.

- **Служби за ментално здравје:** Сè повеќе податоци и искуство ги поддржуваат врските меѓу радикализираните престапници (генерално и радикализирани лица) и прашањата за ментално здравје.

  Потребни се услуги и процени на менталното здравје в затвор и по пуштањето за да се гарантира дека лицето ја добива потребната поддршка.

**Клучни препораки**

- Треба да има на располагање неколку специјалистички и општи пристапи за поддршка на НЕП по пуштањето на слобода, како што се програми за материјална и социјална поддршка, иницијативи за поддршка од семејството и од пријателите, религиозно советување, дијалози, менторски програми и соработка со службите за ментално здравје.
- Иницијативите треба да им служат на потребите на поединецот и да ги земат предвид материјалните, економските, социјалните, духовните и религиозните потреби.

## *Пречки за реинтеграцијата*

Долго време  истражувањето укажува дека престапникот се соочува со големи тешкотии повторно за да стане „подобен граѓанин“ откако ќе излезе од затвор, а тие тешкотии имаат различна форма, вклучително економска, релациска и емоционална. Поединците осудени за терористички дела се соочуваат со дополнителни пречки. Има уникатни извори на стигма поврзани со терористичките дела и во некои контексти оваа негативна етикета може да се присвои и да служи како знак на статус во маргинализираните заедници.

**Стигматизација:** Стигматизираниот престапник ќе искуси предизвици во смисла на пристапување кон социјална поддршка и можности за реинтеграција, вклучително пристап до вработување или до образование. Стручните лица што работат со НЕП мора да го признаат нивниот потенцијал за да се реинтегрираат во општеството и мора да обезбедат поддршка за да ја постигнат оваа цел. Задржувањето предрасуди кон престапникот може да ги зацврсти пречките и да ги зајакне спротивните и радикализираните идентитети.

**Доверба:** Клучно е професионалците да работат на градењето и на задржувањето на довербата со поранешниот престапник и со поголем дел од јавноста. Недовербата на заедниците или на организациите на заедницата може да ги зајакне перцепциите на неправичност меѓу членовите на заедницата. Пробациските служби (или нивниот еквивалент) на земјите членки  може да имаат корист од градењето силни врски на доверба со организациите на

заедницата. Ова гарантира дека многу сектори на општеството ги оптимизираат можностите за престапниците по пуштањето на слобода.

**Услови за ослободување:** Условите може да се прилично строги за овие престапници и да ги надминуваат оние што се поставени за другите престапници. Ова може да ја попречи реинтеграцијата, на пример, ако затворениците лесно повторно се повикуваат в затвор за повредата што ја направиле. Сепак, стручните лица може да ги користат овие услови и почестиот контакт што го наметнуваат како можност за да работат со престапниците и да одговорат на нивните потреби.

## *Обучување на кадарот*

Пробациската работа со НЕП има забележителен ефект врз пробациските работници над и преку вообичаената пробациска работа. Социјалната и политичката клима во врска со екстремизмот го зголемува нивото на стрес за оние што работат со престапници, а политиките може да се сменат брзо и може да се водат од политички размислувања, а не од она што е најдобро за престапникот. За НЕП има прифаќање од низок ризик што значи дека последиците од грешките со оваа група ќе бидат под силен надзор на политичкото лидерство и на општата јавност. Ова може да го ограничи професионалното расудување на пробациските службеници. Работата на службениците ќе биде под силен политички надзор и ќе биде добро ако се балансираат социјалните и политичките притисоци со она што може да е најдобро за потребите за реинтеграција на престапникот. Не се очекува во блиска иднина да се промени ова.

Потребно е специјализирано обучување за да може пробациските работници точно да ги оценат потребите на престапниците (видете „Обучување и поддршка на кадарот“, стр. 18). Идеологијата може, но не мора да биде главен двигател за престапникот и потребно е специјалистичко обучување и искуство за да се разбере и да се оцени идеологијата, особено кога треба да се истражат други начини за справување со однесувањето на престапникот. Пробациските службеници имаат потреба од поддршка преку информирање, обука за справување со стрес и, секако, поддршка од колегите и од раководството.

**Клучни препораки**

- Престапниците што се осудени за дела поврзани со тероризам се соочуваат со уникатни предизвици при повторното влегување во заедницата поради построгите услови, стигматизацијата и прашањата на доверба. Ова мора да се испланира пред пуштањето на слобода и да се реши заедно со материјалните потреби (вработување, образование, домување).
- При работењето со оваа категорија престапници персоналот се соочува со невообичаени притисоци и потребни се обука и поддршка за да си ја извршат улогата ефикасно.

## Заклучоци на работниот документ

Постојано се зголемуваат и се менуваат предизвиците за затворските и за пробациските стручни лица што работат со НЕП. Со оглед на тоа дека се зголемува бројот на лица што се задржани в затвор за дела поврзани со тероризам, се зголемува и потребата соодветно да се одговори на ризиците и на потребите на овие престапници за да може да се пуштат назад во општеството.

Дополнителни предизвици произлегуваат од променливиот политички контекст и од несигурноста од терористички закани, па затоа ќе биде од клучна важност да се разберат и да се задржат најдобрите практики. Земјите членки ќе мора да распределат ограничени ресурси на начин што придонесува за општо подобрување на севкупната затворска клима, како и за специјалистички интервенции за следење и за управување со ризици и придонесување во рехабилитацијата и во вклопувањето на НЕП. Овие одлуки се во согласност со бројот на лица што претставуваат ризик и со видот радикализација што се разгледува (вклучително инспириран од религија, десница, левица или сепаратисти).

Стручните лица во земјите членки развиваат сѐ поголема доверба и компетентност во оваа област. Инвестирањето во квалитетна секојдневна комуникација меѓу персоналот и затворениците — динамична безбедност — е позитивен чекор кон минимизирањето на ризиците од радикализација. Се прави чекор и кон нормализирање на НЕП, иако сите земји не се соочуваат со ист степен на ризик, а некои не се способни да нормализираат одредени НЕП поради ризиците што тие ги носат во однос на другите затвореници и / или јавноста. Сега се пилотираат специјализирани процени на ризик и интервенции и тие се користат на динамичен начин за да се оценат потребите и ризиците на престапниците. Најдобрите практики во оваа област се индивидуализирани и одговараат на потребите на престапникот.

Секако, потребна е прецизност. Во земјите членки на ЕУ постојано се менуваат практиките и тоа го отежнува користењето на конкретни практики. Причините за донесувањето одлуки што водат до конкретни политики и практики мора да бидат потранспарентни и да произлегуваат од поширока основа на знаење на најдобрите практики.

Освен тоа, основата на докази останува тенка. Ретко одлучувањето е засновано врз докази. Истражувањето треба рано да се вклопи во практиката. Потребна е истражувачка основа за да се разбере контекстот во кој се чини дека цвета радикализацијата (и каде се намалуваат неговите ризици) и што им помага на престапниците да се реинтегрираат во општеството. Процените на ризик мора да се предмет на робусна емпириска евалуација и во споредба со другите видови практики за управување со ризик да се утврди кои методи и пристапи се најефикасни. Обучувањето на кадарот мора да се евалуира, а притоа да се обрне внимание на тоа дали се подобруваат врските меѓу вработените и затворениците заедно со способноста да се управуваат ризиците поврзани со радикализација. Во иднина може да се олеснат информациите за практики засновани врз докази преку партнерства за истражување.

За 2017 година работната група РАН З&П ќе мора да направи приоритет на овие предизвици и ќе треба да се справи со нив преку знаењето и искуството на стручните лица од затворите и од пробациските служби. Фокусот ќе биде ставен на:

- Справувањето со сè поголем број НЕП, особено повратници. Кои се последиците од ова врз изборот на режим и на програмите за интервенирање? Зголемените броеви, исто така, значат дека ќе има поголемо искуство и практика за споделување, а тоа ќе овозможи изострување на препораките што се претставени во овој документ;
- Улогата на пробацијата и во смисла на пократки казни и алтернативно казнување;
- Улогата на религијата во секојдневното работење со НЕП, но, исто така, и во специјализирани програми за излез.

Овој документ ќе се ажурира на крајот на 2017 година за да вклучи нови увиди од истражувањето и од практиката.

# Анекс

## *Избрани референции*

Beckford, James, Daniele Joy, and Farhad Khosrokhavar. *Muslims in Prison: Challenges and Change in Britain and France*. Basingstoke, England & New York: Palgrae MacMillan, 2005.

Calverley, Adam. *Cultures of Desistance: Rehabilitation, Reintegration and Ethnic Minorities*. Taylor & Francis, 2012.

Cottee, Simon., Reborn into Terrorism: Why Are So Many Isis Recruits Ex-Cons and Converts‘, *The Atlantic*, 25 January 2016.

Dean, Christopher., The Healthy Identity Invervention: The UK‘s Development of a Psychologically Informed Intervention to Address Extremist Offending‘ In *Prisons, Terrorism and Extremism: Critical Issues in Managment, Radicalisation and Reform*, edited by Andrew Silke, 89-107. London: Routledge, 2014.

Europol., European Union Terrorism Situation and Trend Report (Te-Sat)‘, The Hague: European Union, 2016.

———., European Union Terrorism Situation and Trend Report (Te-Sat)‘, The Hague: European Union, 2014.

Farrall, Stephen. *Understanding Desistance from Crime: Emerging Theoretical Directions in Resettlement and Rehabilitation*. Edited by Adam Calverley Maidenhead: Open University Press, 2006.

Gilliat-Ray, Sophie, Stephen Pattison, and Mansur Ali. *Understanding Muslim Chaplaincy*. Surrey, UK: Ashgate, 2013.

Global CounterTerrorism Forum. ‚Prison Management Recommendations to Counter and Address Prison Radicalization‘, 2015.

———., Rome Memorandum on Good Practices for Rehabilitation and Reintegration of Violent Extremist Offenders‘, Rome, 2012.

Hamm, Mark S. *The Spectacular Few: Prisoner Radicalization and the Evolving Terrorist Threat*. New York: New York University Press, 2013.

King, Roy D., and Kathleen McDermott. ‚“My Geranium Is Subversive“: Some Notes on the Management of Trouble in Prisons‘, *The British Journal of Sociology* 41, no. 4 (1990).

King, Roy D., and Sandra L. Resodihardjo. ‚To Max or Not to Max‘, *Punishment & Society* 12, no. 1 (2010): 65-84.

Liebling, Alison. *Prisons and Their Moral Performance*. Oxford: Oxford University Press, 2005.

———. *Suicides in Prison*. London: Routledge, 2002.

Liebling, Alison, Ruth Armstrong, Ryan J. Williams, and Richard Bramwell. ‚Locating Trust in a Climate of Fear: Religion, Moral Status, Prisoner Leadership, and Risk in Maximum Security Prisons — Key Findings from an Innovative Study‘, Prisons Research Centre, Institute of Criminology: University of Cambridge, 2015.

Liebling, Alison, and Helen Arnold. ‚Social Relationships between Prisoners in a Maximum Security Prison Violence Faith and the Declining Nature of Trust‘, *Journal of Criminal Justice* 40 (2012): 413-24.

Liebling, Alison, Helen Arnold, and Christina Straub. ‚An Exploration of Staff-Prisoner Relationships at Hmp Whitemoor: 12 Years On.‘, Cambridge: Cambridge Institute of Criminology, Prisons research centre, 2011.

Liebling, Alison, and Ryan J. Williams. ‚The New Subversive Geranium: Some Notes on the Management of Additional Troubles in Maximum Security Prisons‘, *British Journal of Sociology* (in press).

Lloyd, Monica, and Chris Dean., The Development of Structured Guidelines for Assessing Risk in Extremist Offenders‘, *Journal of Threat Assessment and Management* 2, no. 1 (2015): 40-52.

Network, Radicalisation Awareness. ‚Ex Post Paper Ran Exit‘, edited by RAN P&P. Amsterdam, 2016. Network, Radicalization Awareness. ‚Dealing with Radicalisation in a Prison and Probation Context Ran P&P — Practitioners Working Paper‘, (2015).

Pressman, D. Elaine, and John Flockton. ‚Violent Extremist Risk Assessment: Issues and Applications of Teh Vera-2 in High-Security Correctional Setting‘, In *Prisons, Terrorism and Extremism: Critical Issues in Managment, Radicalisation and Reform*, edited by Andrew Silke, 89-107. London: Routledge, 2014.

Spalek, Basia. 'Radicalisation, De-Radicalisation and Counter-Radicalisation in Relation to Families: Key Challenges for Research, Policy and Practice', *Security Journal* 29, no. 1 (2016// 2016): 39-52.

Spalek, Basia, and Lynn Davies. ‚Mentoring in Relation to Violent Extremism: A Study of Role, Purpose, and Outcomes‘, *Studies in Conflict & Terrorism* 35, no. 5 (2012): 354-68.

United Nations. ‚Handbook on the Management of Violent Extremist Prisoners and the Prevention of Radicalization to Violence in Prisons‘, New York: United Nations Office on Drugs and Crime, October 2016.

Ward, Tony, and Shadd Maruna. *Rehabilitation*. Taylor & Francis, 2007.

Williams, Ryan J., and Alison Liebling. ‚Faith Provision, Institutional Power and Meaning among Muslim Prisoners in Two English High Security Prisons‘, In *Religion in Prison*, edited by Kent Kerley: Praeger, in press.

**Translated within:**

FIRST LINE STOP Radicalization

Co-funded by the
Internal Security Fund
of the European Union